| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист, јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | „Волшебната кутија“ |
| **Возраст** | Од 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со детето колку е важна хигиената за нашето здравје, како треба да миеме постојано раце, зошто треба често да ги миеме и какви средства за хигиена ни требаат. Објаснете му на детето и покажете му сапун, крпа, четка за заби ,чешел. |
| **Активности** | Направете од картон една кутија и нека биде „волшебна“ во која ќе има сапун, четка за заби, крпа, огледало. Поттикнете го детето љубопитно да ја отвори кутијата и да ги именува средствата во кутијата – „Ајде да видиме што има внатре“, „Колку е убава и шарена оваа кутија“.<br>Демонстрирајте заедно со детето, именувајте ги предметите- вадете предмет по предмет и запознавајте ги со нивната намена. Потоа вратете ги во кутијата и овозможете му на детето самото да ги вади и да ги именува предметите, а потоа да каже за што служат.<br>Играта може да продолжи понатаму со правилно миење на рацете пеејќи песничка и да ги чешла куклите кои ги има дома. |